КУЛТУРА
БУЛ. СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ 68а
Тел: 111-332; Факс 22 86 08

# Култура

КУЛТУРА
e-mail:ipkultura@unet.com.mk
www.kultura.com.mk

## „ДОСИЕ КУЛТУРА“ НА ТЕЛЕВИЗИЈА А1 И „УТРИНСКИ ВЕСНИК“



*Медиумите имаат голема општествена моќ, влијаат врз нашите ставови, го терроризираат слободното време, ја дефинираат нашата култура. Каков е третманот на културата во медиумите во моментов во Македонија. На теми „Медиумите и културата“, во емисијата „Досие култура“ што на 28 ноември во живо ја емитуваше А1 телевизија, во соработка со Утрински весник, учествуваа д-р Иван Цепаровски, професор на Филозофскиот факултет во Скопје, Катица Трајковска, новинар во културниот сектор на Македонската телевизија, Јасна Франговска, уредник на културната рубрика на „Македонија денес“ и Марина Костова, уредник во дневниот весник „Вест“. Пренесуваме дел од дискусијата*

# МЕДИУМИТЕ И КУЛТУРАТА

КАТЕРИНА БОГОЕВА – ГОРДАНА М. БЛАЖЕВСКА

**Иван Цепаровски:** Медиумот не само што ја промовира културата, туку и ја прави културата на нашето време, особено во последниве децении тоа го прават електронските медиуми. Од друга страна, најверојатно наједноставниот одговор е дека третманот на културата во нашите медиуми е резултат на општите историски, економски услови во кои ние живееме, и на фактот дека некои други работи во овој момент се побитни во нашата општествена стварност. Информативниот дел доминира, а културата со самото тоа што се емитува во подоцнежните часови е маргинализирана. И печатените медиуми, кои горе- долу одвојуваат страници за култура, но и таа е таму некаде пред спортот и во исклучителни случаи има некакви поместувања.

**Катица Трајковска:** "Моите размислувања одат околу промената на улогата на телевизијата во последните неколку децении . Ако пред две - три децении, таа имаше повеќе педагошко културолошка функција и се поставуваше како монопол кој сака да ги моделира нашите размислувања, да ни наметнува некој вкус, сега ми се чини дека телевизијата ја изгуби таа улога но тоа не значи дека треба да го изгуби и местото за третирање на уметностите.Денес според мене, не дека нема доволно емисии од културата, туку нема фиксен термин за нивно емитување.

**Марина Костова:** "Мислам дека овде проблемот е во тоа што сите се бават со власта, не со творештво. Вина има и самата култура, затоа што и на инфраструктура на културата, исто така главна цел и е власта а не творештвото и позиционирање на тоа творештво, што од друга страна доведува до енклава , затвореност. Во последниве десет години, забележав дека во медиумите еднаков простор или време добиваат н настани кои се информација од културата, без разлика дали се работи за професионални или настани на дебитанти. Еднаков простор добива некој што добил Нобелова награда, и некој кој објавил поезија од некој помал град во Македонија. Ако за 10, 20, 50 години, некој земе и ги чита весниците или ги гледа како испис емисиите од културата, творештвото од ова време, ќе биде малку збунет бидејќи ќе види дека нема да може да направи мериторен систем, да види што е важно а што не, што имало значение а што немало.

**Јасна Франговска:** " Мислам дека новинарите се самите виновни за таквиот третман на културата, затоа што избрале комформистички да останат на маргините и да не бараат поагресивно простор за дејноста, за темата со која се занимаваат во медиумите во кои пишуваат. Јас имам среќа да работам во дневен весник, каде страниците за култура не отпаѓаат први тогаш кога нема простор во весникот. Тоа е во исто време и среќна околност затоа што сме постојано ставени во ситуација да истражуваме и да не ја третираме културата во потесна смисла на нејзиното естетско значење, туку да ја гледаме во пошироки гранки каде културата е воопшто и начинот на живеење.

**Иван Цепаровски:** "Повеќе фактори влијаат за ваквата состојба , меѓу нив секако и уредувачката политика. Мислам дека далеку побитен фактор се потребите на читателите, на гледачите. Мислам дека медиумите многу повеќе внимаваат на потребите, затоа што од нив всушност и самите зависат, како економски чинители и многу лесно се поведуваат по нив, наместо самите да градат потреби. Затоа што процесот на создавање и градење потреби е многу покомпликуван и побавен, отколку процесот на директнио прифаќање на она што се бара и што сака.

**Катица Трајковска:** "Културата троши пари, таа не создава профит. Членот 31 од Законот за радиодифузија ги обврзува електронските медиуми, телевизиите, да имаат информативна, спортска, научна и културна програма. Во Холандија е регулирано на тој начин дека 20 посто од времето на електронските медиуми е посветено на културата од кои 10 посто на уметностите".

**Марина Костова:** "Јас мислам дека "Вест" успеа да создаде еден терен што досега го немаше во нашето новинарство а со тој третман што го има весникот оди и третманот на културата, а тоа е демистификација на она што е условно речено општествен живот, а со тоа и културен живот. Јас на пример мислам дека она што весникот го направи во последните шест месеци откако во земјата се води војна е што успеа да ја најде онаа жива, весела, условно речена деполитизирана страна. Во таа смисла третирањето на културата во "Вест" ја има како на се останато. Она што е исто така многу важно а тоа веќе не е проблем на медиумите е дефинирање односно менување на односот кон она што условно се нарекува културен производ. И мислам дека ако некогаш сме го имале тој однос, во последните десет години се разгради, се урниса тој систем на вредности. Мислам дека ние денеска не сме способни да препознаеме што е културен производ на којшто ние како медиуми и пред се како државна политика, ќе се презентираме самите себеси. Забележав уште еден парадокс а тоа е, кога се претставува нашата култура надвор во странство, целото медиумско внимание е свртено кон нашата јавност. Е па тогаш кому ја претставуваме, на самите себеси.

**Јасна Франговска:** "Па ако може тоа да послужи како некаков податок, "Македонија Денес", во тригодишното излегување, имала десеттина насловни страници што третирале исклучиво теми од областа на културата. Генерално културната редакција настојува да ги третира со сите новинарски нишани културните настани. Ние, поради таа постојана обврска да имаме секој ден две страници на култура имаме обврска да заземеме став, секојдневно имаме коментар на страниците на култура. Секогаш нема културни настани, но тоа е добра стилска вежба за многу други настани што исто така заслужуваат културолошки третман.

**Иван Цепаровски:** "Медиумите не можат да го направат некој автор, но може да го направат ѕвезда, што кај нас не е возможно. Можат да помогнат во рецепцијата на неговото дело на ниво на зголемување на бројот на читатели, гледачи, слушатели, меѓутоа не верувам дека во наши услови медиумите ја имаат таа моќ како што ја имаат во други поголеми средини. Затоа што доменот на културата и авторството многу повеќе зависат од некои други начини на вреднување".

**Јасна Франговска:** "Авторите се заинтересирани да извадат максимално квалитетен продукт, поради нивната сопствена репутација и поради реномето што го градат на уметничката сцена. Меѓутоа кога ќе добијат пристоен третман во медиумите, мислам дека е тоа стимулација повеќе. Работа на новинарот е да пријде со крајна сериозност како настан што заслужува и да ги добие сите елементи во една солидна новинарска обработка а да не биде истретиран само како декор во дневниот весник, којшто на некој начин ќе му даде разлочие и шарм на грдото секојдневие, што постојано се пласира во весниците".

**Марина Костова:** "Ми се чини дека во медиумското покривање на културата, творештвото, недостасува давање на контакт на она што е дело. А тоа пак се сведува на непостоење на систем на вредности. Она што недостасува во медиумите е малку построго да се грижи за тој простор.

Јас не мислам дека не треба да има забава. Конечно треба да постои избор, а улогата не медиумите е да го даде тој избор и да направи баланс.

**Јасна Франговска:** "Но тоа не мора да значи дека настаните од културата не се забавни, многу е битно како ќе ги пласирате и како ќе им ги понудите на читателите. Не е работата да се понуди она што публиката го сака. Може да направите таа да го прифати она што на прв поглед не и изгледа прифатливо и примамливо. Нема потреба, да речам, од било каков навивачки однос од страна на медиумите кога во културата генерално може да се почувствува тој навивачки однос што актуелната политичка структура го има кон одредени уметници кои некако гравитираат кон неа.

**Марина Костова:** "Јас мислам дека суштината на новинарската професија е да поставува прашања, а не да дава одговори. Не можам да видам дека има политичко влијание на начинот на кој се третира културата во весниците, можеби е најмало".

Струмички театар

## Премиера на „Зад затворени врати“ од Сартр

На сцената на Народниот театар "Антон Панов" во Струмица вечерва премиерно ќе биде изведено делото "Зад затворени врати" од Жан Пол Сартр. Режисер на овој проект е младиот Александар Ивановски, студент по театарска режија, кој за свои соработници ги одбра: сценографот Ѓорѓе Јовановиќ, костимографот Александар Рашковиќ, како и Игор Васил кој ја подготви музиката и Даница Лепојевиќ, шминка.

Во претставата играат: Васил Михајлов, Ангелина Тренчева, Александра Пешевска и Марјан Коцев, последните тројца студенти на ФДУ. "Зад затворени врати" започнува во 20.00 часот.

( S.M.)